ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ СМЕТКА НА БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (788)

01 2020 05 05/2

**Скопје, март 2021 година**

# Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 9 |
| **Финансиски извештаи за 2019 и 2018 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 10 |
| Биланс на состојба | 11 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 12 - 12 |
| Сметководствени политики | 12 - 24 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 25 - 29 |

Кратенки користени во извештајот:

УКИМ - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ФИНКИ - Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
РСМ - Република Северна Македонија
ГДР - Главен државен ревизор
ОДР - Овластен државен ревизор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:14-218/5

Дата: 11.03.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (788) за 2019 година.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2019 година, ревизијата изрази мислење со резерва.

Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ФИНКИ, сметка на буџет од самофинансирачки активноси (788), во изминатиот период кој му претходи на периодот предмет на ревизија не е вршена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ФИНКИ, сметка на буџет од самофинансирачки активноси (788) за 2019 година констатирани се одредени состојби и тоа:

- слабости при исплатата на дневници за службени патувања во странство;
- не се искажани ненаплатени побарувања за партиципации и школарини и
- пописот на побарувањата и обврските не е извршен во согласнот со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Во делот - Останати прашања, обелоденивме дека во услови кога Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност не е формиран и до Владата на РСМ не е предложена Уредба за мерила и критериуми за финансирање

на високото образование, висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на универзитетот, а се однесуваат на партиципацијата и кофинансирањето е утврдена врз основа на Одлука на Владата на РСМ.

Од страна на одговорното лице на ФИНКИ, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 и 10 и ревизија на усогласеност на ФИНКИ, сметка на буџет од самофинансирачки активноси (788) за 2019 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември и Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Досега не е вршена ревизија и не е издаден извештај за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ФИНКИ на сметката на основен буџет од самофинансирачки активноси (788).

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф. д-р Иван Чорбев, декан од 15.09.2015 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните

намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во РСМ и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на факултетот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена со прекини поради користење годишни одмори, во периодот од 04.08. до 31.10.2020 година, кај ФИНКИ, од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок, одржан преку видео конференциска врска, со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 23.11.2020 година.
Од страна на одговорното лице на ФИНКИ, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. За службени патувања во странство, од страна на вработениот на ФИНКИ се поднесува барање кое се одобрува од надлежно лице и врз основа на тоа се изготвува документ Решение за отсуство, наместо Решение за службено патување во странство. Таквото решение не содржи соодветни податоци за службеното патување во странство, како што е видот на превоз, податоци дали сместувањето и исхраната паѓаат на товар на факултетот или на друг орган, што не е во согласнот со одредбите од членот 5 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци. Исто така во решенијата за службените патување во странство не се регулира висината на издатоците за службеното патување. Во повеќето реализирани службени патувања ги нема во прилог билетите за превозот кој е користен, од каде може да се утврди времето на излез и влез во РСМ и висината на дневницата за службено патување.
Кај дел од тестираните документи за службените патувања во странство е констатирано дека дневниците не се пресметуваат соодветно на деновите поминати на службено патување односно за службените патувања во странство каде што е исплатена дневница од 50% од пропишаната со Решението за највисоките износи на дневниците за службени патувања и селидби во странство, нема во прилог сметка за сместување, ниту е наведено дека сместувањето не паѓа на товар на органот на управата, што не е во согласност со одредбите од член 10 од Уредбата, каде е

пропишано дека дневница од 50% се исплатува ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата.
По основ на дневници за службени патувања во странство за 2019 година евидентирани се трошоци односно исплатен е износ од 379 илјади денари.

**Препораки:**
- за службено патување во странство да се изготвува Решение со податоци за видот на превозот што ќе се користи за службеното патување во странство како и податоци за тоа дали сместувањето и исхраната паѓаат на товар на факултетот или на друг орган и
- пресметката и исплатата на дневниците за службени патувања во странство да се вршат согласно одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство.

3.1.2. Наодот кој е изнесен во точка 3.1.1. од Извештајот за сметката на основен буџет (603), а во врска со прифаќање на Извештајот за финансиско работење и Завршната сметка за 2019 година и пописот на факултетот за 2019 година, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (788).

**3.2. Финансиски извештаи**

3.2.1. Пописот на побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2019 година претставува спецификација на салда без да биде утврден правниот основ, односно документацијата од која произлегуваат и старосната структура на истите што не е во согласнот со одредбите од членот 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кој пописната комисија ја утврдува правната основа за постоењето на побарувањата и обврските, потврдува дека состојбата на ненаплатените побарувања и преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, мерките кои се преземени за наплата на ненаплатените побарувања кои потекнуваат од минати години и причините за неизмирените обврски спрема добавувачите. Во билансот на состојба на 31 декември 2019 година искажан е износ на побарувања од 1.124 илјади денари и износ на обврски 2.050 илјади денари.
Наведените состојби влијаат на реалноста и објективноста на искажаните состојби во сметководствената евиденција и финансиските извештаи за 2019 година.

**Препорака:**
Надлежните органи да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на побарувањата и обврските на начин предвиден со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

3.2.2. На сметката Побарувања од купувачи во земјата со состојба на 31.12.2019 година искажан е помал износ на ненаплатени побарувања од 3.884 илјади денари. Истите произлегуваат од побарувања од студентите по основ на партиципација и школарина. Помалку искажаната состојба на ненаплатените побарувања не е во согласност со одредбите на членот 19 став 1 и 5 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 18 од Правилникот за сметководството буџетите и буџетските корисници. Утврдената состојба произлегува од тоа што на факултетот се води посебен систем/софтвер во кој се евидентираат побарувањата и наплатата од студентите по претходно наведените основи кој не е поврзан со сметководството и функционира како посебен. На истиот во текот на 2019 година евидентирани се побарувања од 66.216 илјади денари, наплатен износ од 62.333 илјади денари и ненаплатен износ од 3.884 илади денари. Бидејќи овој систем (i Know), не е поврзан со сметководството, каде се евидентира само наплата, во сметководствената евиденција нема евиденција за побарувањата туку истата се води само во овој систем. Поради тоа состојбата на ненаплатените побарувања на 31.12.2019 година во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 2019 година не е реално искажана.

**Препорака:**
Надлежните органи на ФИНКИ во соработка со надлежните од Ректоратот да преземат активности за поврзување на системот со сметководствениот систем, а дотогаш, со состојба на 31 декември да се доставува документ/извештај до сметководството како би можело да се изврши евидентирање и искажување на состојбата на ненаплатените побарувања во Билансот на состојба.

3.2.3. Наодот кој е изнесен во точка 3.2.3. од Извештајот за сметката на основен буџет (603), а во врска со утврдените констатации за невоспоставената материјална евиденција на залихите на канцелариски и други материјали, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (788).

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 3.1. и 3.2. се однесуваат дека со состојба на 31.12.2019 година, извршениот попис на побарувањата и обврските не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, неправилно извршени исплати на дневници за службени патувања во странство и искажан помал износ на ненаплатените побарувања.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2., финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет на самофинансирачки активности (788) на ФИНКИ на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет на самофинансирачки активности (788) на ФИНКИ за 2019 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во ФИНКИ прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- од сметката за Обврски за ДДВ извршено е намалување на искажаната состојба на 31.12.2019 година за износ од 696 илјади денари и
- евидентирана е обврска за данок на добивка во износ од 45 илјади денари, утврдена врз основа на резултатот од работењето за 2019 година.

Предходно наведените корекции се спроведени со налогот за книжења број 07-010 од 22.10.2020 и налог за книжење број 09-003 од 05.11.2020 година.

## 6. Останати прашања

6.1. Согласно Законот за високото образование, во надлежност на Националниот совет, помеѓу другото е да предлага Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, која ја донесува Владата на РСМ. Со оглед на тоа дека Националниот совет не е формиран, уредбата не е предложена и не е донесена.
Во услови на отсуство на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на универзитетот, а се однесуваат на партиципацијата и кофинансирањето е утврдена врз основа на Одлука на Владата на РСМ, бр.44-4492/1 од 02.05.2018 година, за бројот на студенти за запишување во

прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи за учебната 2018/2019 година и Одлука на Владата на РСМ, бр.45-4883/1 од 04.07.2019 година (Сл. весник на РСМ 140/2019), за бројот на студенти за запишување во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи за учебната 2019/2020 година, донесена врз основа на член 151 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РСМ 82/2018), додека висината на останатите надоместоци за образовни и административни услуги ФИНКИ ги определува самостојно.

Факултетот, во текот на 2019 година, има остварено приходи по основ на надоместоци за запишување со партиципација и кофинансирање како и други образовни надоместоци во вкупен износ од 77.095 илјади денари врз основа на Одлука бр. 02-1344/1 од 22.08.2014 година донесена од Деканатска управа на ФИНКИ и усвоена од Наставно - научниот совет на истиот со Одлука бр. 02-1344/2 од 22.08.2014 година, а согласно член 59 и 43 од Правилникот за внатрешно работење на ФИНКИ во состав на УКИМ објавен во (Унив. Гласник бр. 292 од мај 2014 година).

**Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство Скопје**
**Сметка на буџет од самофинансирачки активноси 788**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАХОДИ ЗА 2019 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Претприемачки приход и приход од имот | 3.1. | 1 | 0 |
| Такси и надоместоци | 3.1. | 90.341 | 74.054 |
| Други неданочни приходи | 3.1. | 50 | 0 |
| Трансфери од други нивоа на власт | 3.2. | 61.078 | 53.338 |
| Друго домашно задолжување | 3.3. | 189 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **151.659** | **127.392** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надомести | 3.4.1. | 19.286 | 18.079 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 52.730 | 44.921 |
| Капитални расходи | 3.5. | 2.579 | 3.314 |
| **Вкупно расходи** | | **74.595** | **66.314** |
| | | | |
| **Распределба на суфицит (вишок) на приходи** | | | |
| Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи – данок на добивка | 3.6. | 45 | 13 |
| Нето вишок на приходи – добивка по оданочување | 3.7. | 77.019 | 61.065 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **77.064** | **61.078** |

**Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје**

**Сметка на буџет од самофинансирачки активноси 788**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 77.064 | 61.064 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.1.2. | 0 | 14 |
| Побарувања од буџетот | 4.1.2. | 806 | 1.007 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 4.1.2. | 103 | 103 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 2.380 | 3.572 |
| **Вкупно тековни средства** | | **80.353** | **65.760** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **80.353** | **65.760** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 418 | 1.940 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.2. | 147 | 110 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.3. | 1.815 | 1.522 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4. | 77.973 | 62.188 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **80.353** | **65.760** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **80.353** | **65.760** |